7 април 2026 година

Заедничка изјава за Стратешкиот дијалог меѓу САД и Северна Македонија

*Следува текстот на Заедничката изјава меѓу Соединетите Американски Држави и Република Северна Македонија по повод вториот Стратешки дијалог меѓу САД и Северна Македонија*

*Почеток на текстот:*

На 7 април, во Вашингтон, Заменик државниот секретар, Кристофер Ландау и Министерот за надворешни работи и надворешна трговија, Тимчо Муцунски, го предводеа вториот Стратешки дијалог меѓу САД и Северна Македонија. Стратешкиот дијалог го продлабочи партнерството меѓу Соединетите Држави и Северна Македонија и ги зајакна заедничките цели за унапредување на мирот, безбедноста и просперитетот.

**Енергетска и економска соработка**

Соединетите Држави го поздравија потпишувањето на Меморандумот за разбирање за унапредување на безбедноста на снабдувањето со природен гас на Северна Македонија, како билатерален аранжман насочен кон зајакнување на отпорноста на пазарот на природен гас, преку купување течен природен гас од Соединетите Држави, како и кон консолидирање на енергетската безбедност. Одлуката на Северна Македонија да воспостави едношалтерски систем за извозот и инвестициите од Соединетите Држави може да ги продлабочи билатералните трговски врски, а нејзините заложби за донесување законодавство за проверка на инвестициите може, исто така, да ја унапредат деловната клима за инвестициите од Соединетите Држави.

Двете земји ја поздравија одлуката на Корпорација на САД за финансирање на меѓународниот развој (U.S. International Development Finance Corporation) за доделување помош во износ од 5 милиони американски долари за повторно отпочнување на ископувањето на антимон во Северна Македонија. Договорот е израз на заедничката заложба за развој на алтернативни извори на снабдување со критични минерали, кои се од суштинско значење за одржување на конкурентската предност во глобалната економија. Воедно, двете земји ја истакнаа важноста на отворени и транспарентни инвестициски средини и политики, кои се базираат на  цврсти правни рамки, како и олеснувањето на инвестициите и правичните постапки за решавање спорови. Двете земји, исто така, нагласија дека со таквите политики се унапредува долгорочниот економски развој и раст, отворањето нови работни места, зголемувањето на продуктивноста, технолошките иновации и конкурентноста. Соединетите Држави го поздравија интересот на Северна Македонија за приклучување кон Иницијативата „Три мориња“(Three Seas Initiative), имајќи ја предвид нејзината уникатна стратешка положба.

**Безбедносна и одбранбена соработка**

Соединетите Држави и Северна Македонија го потврдија нивниот траен сојуз и заедничката посветеност кон колективната безбедност на НАТО, а исто така прифатија дека сите Сојузници мораат да ги зголемат трошоците за одбрана, да ја подобрат интероперабилноста и да ги исполнат целите за способностите на НАТО. Соединетите Држави го поздравија патоказот на Северна Македонија за исполнување на заложбите преземени во рамките на НАТО, а според кој земјата ќе постигне вложување од 5% од нејзиниот БДП во одбраната до 2035 година. Северна Македонија ја истакна нејзината донација кон Списокот на приоритетни потреби на Украина (Prioritized Ukraine Requirements List (PURL)), како и фактот дека активностите во однос на Продажбата на странска воена опрема (Foreign Military Sales) ќе ги спроведува складно на нејзините цели за модернизација, како и барањата на НАТО.

**Сајбер и дигитална соработка**

Соединетите Држави ја објавија намерата да обезбедат техничка помош за зајакнување на дигиталната инфраструктура во сите министерства на Владата на Северна Македонија преку програмата на Стејт департментот за помош насочена кон оперативните потреби за сајбер безбедност  (Department of State’s Foreign Assistance Leveraged for Cybersecurity Operational Needs FALCON). Во рамките на програмата FALCON ќе се спроведе сеопфатна проценка на сајбер безбедноста на критичната инфраструктура и на други важни мрежи, за да се идентификуваат слабите страни, како и да се дадат препораки за мерки за нивно надминување и да се обезбедат информации потребни за одлуките на Владата на Северна Македонија за јавни набавки, вклучително и за набавка на производи и услуги од областа на сајбер безбедноста од Соединетите Држави и од други доверливи добавувачи. Соединетите Држави, исто така, објавија дека ќе распоредат  советници за сајбер безбедност, со цел да се обезбеди поддршка и на Министерството за одбрана на Северна Македонија и на Министерството за дигитална трансформација во јакнењето на капацитетите, одбраната и отпорноста на земјата во областа на сајбер безбедноста. Исто така, Соединетите Држави ја истакнаа намерата да обезбедат 5 милиони американски долари во рамките на програмата за Странско воено финансирање (Foreign Military Financing – FMF), со цел воспоставување распоредливи сајбер капацитети за силите за брзо распоредување и со цел јакнење на заштитата на националната одбранбена инфраструктура преку обезбедување опрема и обука.

**Безбедност на границите и справување со транснационални закани**

Соединетите Држави и Северна Македонија имаат заеднички особен интерес за запирање на протокот на нелегална миграција и за борба против транснационалниот криминал и трговијата со наркотици. Соединетите Држави ги поздравуваат напорите на Северна Македонија, која е транзитна земја во срцето на Балканот, за борба против овие дестабилизирачки елементи. Во целите на јакнење на соработката во оваа област, Соединетите Држави имаат намера да обезбедат 3.523.000 американски долари, како безбедносна помош, а со цел да се зајакнат капацитетите на органите на прогонот на Северна Македонија, како и нејзините капацитети  за управување со границите, што ќе ги

направи двете земји побезбедни, посилни и попросперитетни. Соединетите Држави ќе започнат иницијатива за јакнење на активностите на силите за обезбедување на границите засновани на разузнавачки податоци, а во целите на спротивставување на транснационалните криминални организации, недозволената трговија со дрога и заканите поврзани со нерегуларната миграција.

**Останати инцијативи**

Соединетите Држави и Северна Македонија исто така потпишаа билатерален Договор за културна сопственост за спречување на нелегалната трговија со археолошки и етнолошки артефакти од Северна Македонија. Целта на овој Договор е да помогне во прекинувањето на мрежите за нелегална трговија, да се заштитат американските колекционери и музеи и да се прекинат финансиските текови кон терористите и транснационалните криминалци. Соединетите Држави исто така го поздравија фактот дека Северна Македонија потпиша Писмо за намери, а со цел спроведување активности потребни во рамките на Програмата за доверливи патници (Trusted Traveler Program). Програмата за глобален влез на САД (Global Entry) ќе овозможи забрзана проверка на однапред одобрени патници од Северна Македонија со низок ризик по пристигнувањето во Соединетите Држави.

Вашингтон, 7 април 2026 година

*Крај на текстот.*